# Ново Срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 114, Дата: 16. 01. 2012.**

## ЧОВЕЧКИ ОБИЧАИ

*„Овој народ Ме почитува со устата, но срцето му е далеку од Мене! Се залажуваат дека Ме почитуваат, а всушност ги шират своите човечки обичаи, како да се Мои заповеди!“*

(Евангелие според Марко 7:6-7)



Кога станува збор за верата, луѓето често пати изјавуваат дека не сакаат да прифатат ништо што е спротивно на нивната вера, или нешто што е друго верување. Таквиот став е за пофалба, особено кај христијаните. Сепак, на пракса луѓето прифаќаат и практикуваат работи и обичаи кои немаат ништо заедничко со христијанството. Најчесто, тоа се пагански практики кои останале од народите кои не го познавале Христос, а продолжуваат да се негуваат и кај нашиот народ.

Некои од тие практики и верувања, се обичаите кои се поврзани со **празникот Василица**.

Според народното (но не и Библиското) верување, од 6-ти до 19-јануари (водици), овие денови се сметаат за некрстени и во тие денови по земјата шетаат зли духови и демони, во народот познати како караконџули, тарамбаби, ѓаволици и чуми. И водите тогаш се нечисти, опседнати со лоши духови. Во овие денови (наводно) крстот нема сила да ги протера духовите. За да ги избркаат духовите, луѓето во овие „некрстени“ денови се маскираат и ги изведуваат игрите под маски познати како џамаларски, бабари, василичари, мечкари..и.т.н. Народот верува дека маскиран и вооружен со ѕвонци, клопатарци, стапови, гајди и тапани и се друго што прави голема врева ,ќе ги исплаши демоните и тие ќе ја напуштат земјата.

Колку сето ова е спротивно на христијанската вера и на Библиската вистина. Никаде во Библијата не пишува дека постојат денови во кои Христос нема сила и власт над демоните. Во Библијата не постојат некрстени денови, а само некрстени и непокајани луѓе.

Но дури и таквите, ако во било кој ден се покајат и се свртат кон Христос, ќе бидат спасени.

А во врска со истерувањето на демони, тие не се истеруваат со ѕвонци,стапови и маски.

Во една прилика, кога учениците не можеа да истераат демон од еден човек, Исус им рече:

*„Овој вид демони можат да се избркаат само со молитва и пост“* **(Марко 9:29)**



Уште пожално е што на овој ден се пеат срамни, безобразни, еротски песни, се прават магиски обреди, се организира комар и коцкарски игри, а децата се поттикнати да носат стапови и со нив да ги удираат постарите минувачи. Сето ова луѓето го прават со заблуда, дека ова ќе го истера злото, а ќе ја донесе среќата во домовите, не сфаќајќи дека со таквите практики тие всушност го прават спротивното: тие му служат на злото, а покажуваат непослушност кон Бог и ја погазуваат нивната, христијанска вера.

Токму затоа, во врска со ваквите човечки обичаи, Исус изјавил:

***„Се залажуваат дека Ме почитуваат, а всушност ги шират своите човечки обичаи, како да се Мои заповеди!“ .***

**А што е со тебе? Дали и ти слепо се држиш до секој обичај, макар и ако тој е спротивен на христијанската вера, или си одлучил да Му бидеш верен на Господ Исус, пред се !?**

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**